Врз основа на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.14/22) и Записник од Комисија за одлучување по барања за поставување урбана опрема како дополнение на годишната програма за поставување урбана опрема бр. 09-629/2 од 17.01.2023 година, како и врз основа на член 4 од Одлуката за поставување урбана опрема – рекламни паноа- билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 1/23 ), а во со гласност со Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа-билборди и информативни табли на канделабри („Сл.гласник на Општина Охрид" бр. 1/23), донесени од Советот на Општина Охрид, Градоначалникот на општина Охрид објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2023**
**за добивање право за поставување**
**на рекламни паноа- билборди и информативни табли на канделабри**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Предмет на овој оглас е добивање право за поставување на рекламни паноа – билборди и информативни табли на канделабри на подрачјето на општина Охрид, по пат на јавно електронско наддавање (во понатамошниот текст-билбордите и информативните табли).
Локациите и бројот на билбордите и информативните табли се утврдени во Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.14/22) и Записник од Комисија за одлучување по барања за поставување урбана опрема како дополнение на годишната програма за поставување урбана опрема бр. 09-629/2 од 17.01.2023 година.
Билбордите треба да имаат двострана рекламна површина со правоаголна форма со следните димензии: должина од 450 см до 470 см и висина од 250 см до 270 см, а информативните табли треба да имаат двострана рекламна површина со правоаголна форма со следните димензии: должина од 135 цм, а висина 85 цм.

Предметот на јавниот оглас претставуваат пакетите и секој пакет претставува посебен предмет на јавно наддавање. За секој пакет се склучува договор и се издава одобрение за поставување.
Електронското јавно наддавање ќе се врши според редниот број наведен во табелите.

## 2. ОПШТ ОПИС И МЕСТОПОЛОЖБА НА ЛОКАЦИИТЕ:

Локациите за поставување на **билбордите** се дефинирани со вкупен број 53 и се наоѓаат на територијата на општина Охрид и тоа:

| Реден број на пакетот | Ред. бр. на локациите согласно графички приказ | Улица | Број на локации по улица | Почетна цена |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 1-33 | ул: Бул. „Туристичка“ | 33 | 891.000,00 денари |
| 2. | 34 | ул: „Македонски Просветители“ | 1 | 27.000,00 денари |
| 3. | 35-46 | ул: „Партизанска“ | 12 | 324.000,00 денари |
| 4. | 58-64 | ул: „АСНОМ“ | 7 | 189.000,00 денари |

Локациите за поставување **информативни табли** се дефинирани во вкупен број од 80 локации и се наоѓаат на територијата на општина Охрид и тоа:

| Реден број на пакетот | Ред. бр. на локациите согласно графички приказ | Улица | Број на локации по улица | Почетна цена |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | **1-64** | **Ул: Бул. Туристичка** | **64** | **128.000,00 денари** |
| **6.** | **65-80** | **Ул: 7- ми Ноември** | **16** | **32.000,00 денари** |

**Напомена:** Локациите на информативните табли на Булевар Туристичка се распоредени на столбовите за електрично осветлување во правец од бензиска станица Макпетрол „Билјанини Извори" према бензинска станица Лукоил на патот за Струга, а локациите на улица 7- ми Ноември во правец од кружното кај Шпаркасе Банка (Охридска банка) на патот према Битола.

Деталната местоположба на микролокациите може да се види од графичкиот прилог кон овој Јавен повик, а може да се подигне секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот, од Одделението за јавни набавки при општина Охрид.

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС:

Право на учество на јавниот оглас имаат домашни и странски правни и физички лица, кои се регистрирани за вршење на дејност рекламирање и огласување како претежна дејност, под услови утврдени со јавниот оглас.
Јавниот оглас трае до 25.04.2023 година (вторник) најдоцна до 13:00 часот.
Право на учество на јавно наддавање – лицитација имаат сите домашни и странски правни и физички лица, кои најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите ќе положат и ќе достават потврда за уплатен гарантен депозит за билбордите и/или информативните табли наведени во табелите, како и докази дека ги исполнуваат условите за учество на јавното наддавање.

Депозитот изнесува 20% од почетната цена утврдена за пакетите претставени во табелите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво и треба да биде изразен во денари и се уплаќа на следната сметка:
Трезорска сметка: 100000000063095;
Сметка на буџетски корисник: 7520140614 630 10;
Приходна шифра: 724125 Програма 00.

За уплатениот депозит, се доставува потврда за уплатата, која треба да се приложи со докуметите за идентификација најдоцна до денот и часот на завршување на јавниот повик.
Секој понудувач може да учествува на јавниот оглас со давање понуда за еден или за повеќе пакети кои се предмет на јавниот оглас.
Јавниот оглас се смета за успешен и во случај да се избере најповолен понудувач само за одреден пакет од локациите.

**Пример:**
Пакет број 1, почетна цена 891.000,00 денари, депозит 178.200,00 денари, минимален износ на наддавање 1.000,00 денари, а максимален износ 5.000,00 денари.

## 4. РОК И ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Правото за поставување на билбордите се определува за период од 5 (пет) години (2023-2028 година), односно од денот на склучувањето на договорот.
Општина Охрид го задржува правото за предвремено еднострано раскинување на договорот за поставување на билборди, заради потребите на општина Охрид.
Понудената цена за добивање право за поставување на билбордите од страна на понудувачот треба да биде изразена во денари.

Почетната цена за електронското јавно наддавање е опишана во табелите на точка 2 од овој повик.
Минималниот износ со кој може да се лицитира за секој пакет од моментот на највисоката понуда изнесува 1.000,оо денари, а максималниот износ со кој може да се лицитира изнесува 5.000,оо денари.

**5. ВРЕМЕ И МЕСТО НА ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ:**
Јавното отворање на пристигнатите понуди ќе се изврши на ден 25.04.2023 година (вторник) со почеток во 14:00 часот, во просториите на Мала/Голема сала при општина Охрид.

**6. ЈАВНО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ:**
На јавното електронско наддавање – лицитацијата може да учествуваат само понудувачите кои имаат доставено документација за јавниот оглас и имаат уплатено гарантен депозит.
Јавното електронско наддавање ќе се одржи во рок од 15 ( петнаесет ) дена од јавното отворање на понудите.
За јавното електронско наддавање, во рок од 5 дена пред неговото одржување, учесниците што ги исполнуваат условите за учество на јавното наддавање ќе бидат известени писмено, со електронска пошта и телефонски од страна на Комисијата за спроведување на постапката.

**7. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЈАВНОТО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ:**
Времетраењето на јавното наддавање ќе биде определено со Правилник кој благовремено ќе им биде доставен на понудувачите.

**8. ОБВРСКИ НА НАЈПОВОЛНИОТ ПОНУДУВАЧ:**
Најповолниот понудувач во рок од 10 (десет) дена од склучувањето на Договорот, има обврска да достави по 3 (три) проекти-комплет со статичка пресметка на рекламните паноа (билборди) кои се услов за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.
Приклучокот за користење на електрична енергија, најповолниот понудувач самостојно го регулира со ЕВН Македонија.
Најповолниот понудувач не смее неовластено да изврши приклучок на јавното улично осветлување.
Плаќањето на годишната закупнина за издадените локации ќе се врши врз основа на доставена фактура од страна на општина Охрид.
Плаќањето на закупнината за 2023 година, најповолниот понудувач е должен да го изврши во рок од 10 дена од денот на склучување на договорот, додека за наредните години, плаќањето ќе се врши однапред за целата година најдоцна до 30- ти Мај за деловната година.
Плаќањето на комуналната такса ќе се регулира согласно Законот за комунални такси и Одлуката од Советот на општина Охрид.
Најповолниот понудувач е должен да отстапи еден билборд или две информативни табли на барање на општина Охрид во траење од 30 дена во текот на една календарска година на локација која ќе ја одреди општина Охрид.
Најповолниот понудувач е должен да постави ознака на билбордот, односно на информативната табла на која ќе биде наведено името/називот на најповолниот понудувач, адресата и телефонски број за контакт.

**9. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА/ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ПРИЛОЖИ:**
- Финансиска понуда;
- Тековна состојба за субјектот издадена од Централен регистар на РМ не постара од 6 ( шест ) месеци
- Потврда за измирени обврски по основ на закупнина и комунална такса заклучно со 2022 година- издадена од Секторот за финансиски прашања при општина Охрид;

- Уверение од надлежен суд дека не е под стечај во оригинал или заверена копија кај нотар и не постара од 6 месеци;
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки, оригинал или копија заверена кај нотар и не постара од 1 месец;
- доказ за уплатениот износ-депозит за учество на огласот;

**10.ПОСТАПКА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ЈАВНО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ:**
По завршувањето на постапката Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Општина Охрид, за избор на најповолен понудувач со предлог за склучување на Договор за краткотраен закуп.
Градоначалникот на Општина Охрид донесува решение за избор на најповолен понудувач и склучуваат договор во кој покрај начинот на плаќање на постигнатата цена, посебно се утврдуваат правата и обврските на договорните страни.
Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира гарантниот депозит.
Комисијата по завршување на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени.
На понудувачите депозитот им се враќа во рок од 15 дена од денот на јавното електронско наддавање.
Депозитот на најповолниот понудувач ќе му се пресмета во годишната закупнина кој е должен да ја исплати до 30- ти Мај.
Договорот со најповолниот понудувач се потпишува во рок од 15 дена по правосилноста на решението за избор на најповолен понудувач.

**11.НАЧИН НА ДОСТАВА НА ПОНУДАТА:**
Понудата да биде доставена во затворен коверт, на кој во левиот горен агол ќе стои „не отворај" и бројот на огласот.
Понудата се доставува лично во архивата на општина Охрид или со препорачана пошта на следнава адреса: ул.''Димитар Влахов'' бр.57; 6000 Охрид ( Доколку понудата се доставува по пошта, истата треба да пристигне во архивата на општина Охрид, најкасно до денот и часот на отворање на понудите 25.04.2023 година (вторник) до 13:00 часот ).
Внатрешноста на ковертот содржи 2 (две) плика, во едното плико се приложува финансиската понуда, а во другото плико се приложува задолжителната документација за учество на огласот.

**Пример за адресирање на плик за достава:**

| | |
|---|---|
| **''НЕ ОТВОРАЈ''**<br>**'Да не се отвора пред 25.04.2023 година (вторник), пред 13:00 часот''**<br>**Оглас бр. 01/2023** | **Општина Охрид**<br>**Оглас бр. 01/2023**<br>**Комисија за спроведување на оглас за доделување на правото за поставување на билборди и информативни табли на канделабри**<br>**Ул.''Димитар Влахов'' бр.57**<br>**6000 Охрид** |

**Некомплетната понуда нема да биде предмет на разгледување од Комисијата.**
Рок на доставување на понудата е од денот на објавувањето на огласот па се до 25.04.2023 година (вторник) до 13:00 часот.
**Општина Охрид нема никаква одговорност за ненавремена достава на понудата.**
На денот на отворањето на понудите треба да презентираат документи за идентитет и тоа:
- специјално полномошно за претставници на правните лица, издадено од правното лице;
- лична карта за физички лица или специјално полномошно заверено на Нотар;

Подетални информации заинтересираните лица можат да добијат на телефон> 046/262-492/493 /електронска адреса: **javni.nabavki@ohrid.gov.mk**

**Комисија за спроведување на оглас за доделување на правото за поставување на билборди**

**Билјана Мицкоска -Претседател___________**

**Иван Лотески –Член _____________**

**Лилјана Симоноска-Член____________**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**КИРИЛ ПЕЦАКОВ**

**---------------------------**